РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК) на 28-та седница одржана на ден 29.02.2020 година донесе

***Одлука***

Пријавата поднесена од ________________ на ден 17.10.2019 година, врз основа на која е оформен предметот под број 08-4863/1 со која се бара проверка на потеклото на имотот на лицето ________________, се ОТФРЛА.

Согласно одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување на ДКСК во конкретниот случај.

Предметот со број 08-4863/1 од 17.10.2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

*Образложение*

Предметот број 08-4863/1 од 17.10.2019 година е оформен врз основа на поднесена пријава од ______________________ со која се бара ДКСК да го испита потеклото на имотот на лицето ______________, за кој се наведува дека го стекнал на незаконски начин.

По разгледување на содржината на пријавата, ДКСК оцени дека истата е со нејасна и неразбирлива содржина и од истата не може да се утврди дека се однесува за лице кое спаѓа во категориите на лица за кои ДКСК, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, има надлежност да ја евидентира и следи имотната состојба. .

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

Изработил: Адем Чучуљ, советник
Одобрил: м-р Владимир Георгиев, член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**